Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24) глава VIII од Законот за вработените во Министерството за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.53/24), член 199 став (5) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 14/20, 171/22, 65/23, 14/24 и 30/24), министерот за одбрана донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНА НА ПЛАТА, ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА И АРМИЈАТА УПАТЕНИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА ИЛИ МЕЃУНАРОДНА ДОЛЖНОСТ ВО ЗЕМЈАТА И ВО СТРАНСТВО

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се утврдува висината на платата, додатоците на платата и другите надоместоци на плата на вработените во Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството) и Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата), упатени за извршување на национална или меѓународна должност во земјата и во странство ( во натамошниот текст: лица упатени на работа во странство и на територијата на Републиката).

### Член 2

Лицата упатени за извршување на национална или меѓународна должност во земјата и во странство, имаат право на плата, додатоци на плата и надоместоци на определени трошоци под услови и критериуми утврдени со закон и позитивни подзаконски прописи произлезени од закон.

## II. ПЛАТА, ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА И НАДОМЕСТОЦИ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ТРОШОЦИ НА ЛИЦАТА УПАТЕНИ НА РАБОТА ВО СТРАНСТВО

### Член 3

(1)Платата на лицата упатени на работа во странство се утврдува, пресметува и исплатува во валутата на земјата во која се упатени, врз основ на решение донесено од министерот за одбрана (во натамошниот текст: министерот) или од него овластено лице.

(2)На лицата упатени на работа во странство, платата по решението од ставот (1) на овој член им се исплатува од денот на стапувањето на должноста во странство, а престанува да им се исплатува со денот на престанок на должноста.

(3)Придонесите од платата се пресметуваат и уплатуваат во денари, пресметани на последната плата која лицето упатено на работа во странство ја добило пред упатувањето.

(4)Платата од ставот (3) на овој член која е основ за исплата на придонесите, се усогласува со сите настанати законски и подзаконски измени, во делот на основната компонента на плата која им следи на лицата упатени на работа во странство, пред нивното упатување.

Член 4

На лицата упатени на работа во странство кои се повикани во земјата на консултации и по тој основ престојуваат во земјата повеќе од 15 дена, од 16-ти ден им се исплатува денарска плата во висина на платата која ја примале пред упатување на работа во странство.

## 1. Плата

Член 5

Параметри за утврдување на нето плата се:

- Основица по земји (во натамошниот текст: основица) и
- Коефициент за звање.

Член 6

(1) Основицата за плата на лицата упатени на работа во странство за тековната година од член 5 став (1) на овој правилник, се утврдува еднаш годишно со решение на министерот.

(2) Основицата се искажува во следните валути:

- Британски фунти за Велика Британија;
- Евра за сите останати европски земји и
- Американски долари, за сите останати вон европски земји.

Член 7

(1) На одбранбеното и воено аташе акредитирано во повеќе држави платата му се утврдува согласно основицата на земјата во која се наоѓа седиштето на претставништвото.

Член 8

(1)Вредноста на коефициентите за лицата упатени на работа во странство изнесува:

1. За активен воен персонал:

| | |
|---|---|
| - Генералски чинови | 4.40 |
| - полковник | 4.30 |
| - потполковник | 4.10 |
| - мајор | 3.90 |
| - капетан | 3.60 |
| - поручник | 3.40 |
| - главен наредник, наредник | 3.20 |
| - постар водник, постар водник 1 класа | 3.00 |
| - водник, водник 1 класа | 2.80 |
| - професионален војник | 2.60 |

2.За вработени во Министерството:

| | |
|---|---|
| - Вработен од категорија Б упатен на должност Шеф на одбранбен оддел | 4.30 |
| - Вработен од категорија Б упатен на должност одбранбен советник | 4.30 |
| - Вработен од категорија В упатен на должност прв секретар | 3,90 |
| - Вработен од категорија Г – помошно стручни службеници | 3.00 |

(2) Нето платата добиена со множење на основицата по земја и коефициентот согласно став 1 од овој член, се зголемува зависно од специфичната должност која се извршува и тоа:

- 10% за воен претставник и шеф на одбранбен оддел, како и за воените претставници со генералски чин
- 8% за одбранбено и воено аташе, како и за национален воен претставник во Националното воено претставништво при НАТО Сојузничката команда за операции (АСО), национален воен претставник во Националното воено претставништво при НАТО Сојузничката команда за трансформации (АСТ)

Член 9

(1)На лице упатено на работа во странство, кое врз основ на медицинска документација користи боледување во земјата на прием, му се исплаќа девизна плата во висина утврдена со позитивните прописи на Република Северна Македонија.

(2)На лице упатено на работа во странство, кога користи отсуство од работа за родителство во земјата на приемот, се исплаќа девизна плата најдолго три месеци.

(3)На лице упатено на работа во странство кое користи боледување во Република Северна Македонија, од 16 тиот ден од боледувањето се исплаќа денарска плата во висина на платата која им била исплатен во последниот месец пред упатување согласно позитивните прописи во Република Северна Македонија.

Член 10

(1)Платата се исплаќа безготовински.

(2)Платата се исплаќа во нето износ најдоцна 15-тиот ден во тековниот месец, за претходниот месец.

(3)Во случај кога лицето упатено на работа во странство завршува со својата работа во странство на негово барање, платата може да му се исплати на девизна трансакциска сметка во Република Северна Македонија или на денарска трансакциска сметка во денарска противвредност, по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата.

Член 11

(1)На лице упатено на работа во странство, на негово барање врз основа на решение за упатување на работа и решение за исплата на аконтација донесено од министерот или од него овластено лице, може да му се исплати аконтација во висина до две негови месечни нето плати.

(2)Аконтацијата служи и за покривање на привременото сместување.

(3)Износот на добиената аконтација се задржува од нето платата во шест еднакви месечни рати, започнувајќи од наредниот месец од месецот во кој е дадена аконтацијата.

(4) Доколку лицето се упатено на работа во странство во период до шест месеци, износот на аконтацијата се задржува од нето платата на еднакви рати за периодот на упатување.

(5) Доколку поради предвремено завршување на периодот на упатување не доспеале сите рати, упатените на работа во странство го враќаат преостанатиот износ на аконтацијата оддеднаш, веднаш по завршувањето на периодот на упатување.

## 2. Додатоци на плата

Член 12

Лице упатено на работа во странство остварува додатоци на плата по основ на:

- придружба на брачен другар/лице од вонбрачна заедница,
- обем и сложеност на работата, и
- вршење задачи во отежнати услови за работа.

### 2.1 Додаток за придружба на брачен другар/лице од вонбрачна заедница

Член 13

(1)Додаток по основ на придружба на брачен другар/лице од вонбрачна заедница му се исплаќа на лице упатено на работа во странство во висина од :

(а) 20% од износот на нето платата, од кои:

-10% по основ на придружба,

-10% по основ на учество во активностите на одбранбено дипломатскиот кор и во општествениот живот во државата на прием.

(2)Додатокот по основ на придружба на брачен другар/лице од вонбрачна заедница му се исплаќа на лице упатено на работа во странство како помошно - стручен службеник, во висина од:

(а) 15% од износот на нето платата, од кои:

-10% по основ на придружба во земјата на прием и

-5% по основ на учество во активностите на одбранбено дипломатскиот кор и во општествениот живот во државата на прием.

(3)Исплатата на додатокот од ставовите (1) и (2) на овој член се врши по претходно писмено известување од страна на лицето кое е упатено на работа во странство за денот од кој брачниот другар/лицето од вонбрачна заедница го придружува во државата на приемот, најдоцна пет дена од денот на пристигнувањето.

(4)Исплатата на додатоците согласно овој правилник се врши врз основ на решение донесено од министерот или од него овластено лице.

(5) Лицето упатено на работа во странство е должно во писмена форма да го информира Министерството, доколку добива додаток за придружба на брачен другар/ лице од вонбрачна заедница, а настанала промена во основите за добивање на додатокот од ставот (1) и (2) на овој член.

Член 14

(1)Кога брачниот другар/лицето од вонбрачна заедница отсуствува од државата на приемот или во континуитет повеќе од 10 (десет) дена месечно, освен при користење годишен одмор, не се исплатува надомест за тој месец.

(2)Додатокот од 10% по основ на придружба престанува доколку брачниот другар/лицето од вонбрачна заедница се вработи во државата на приемот или остварува редовни финансиски приходи по било кој основ (договор за дело, приватна дејност и сл.)

(3)Во случај доколку брачниот другар/лицето од вонбрачна заедница се вработи во земјата на приемот, му престанува правото на продолжено осигурување, а доколку е корисник на пензија во Република Северна Македонија, исплатата на пензијата се става во мирување.

(4)Лицето упатено на работа во странство треба во писмена форма да го информира Министерството доколку настапиле условите утврдени во ставовите (1), (2) и (3) на овој член.

**2.2 Додаток за обем и сложеноста на работата**

Член 15

Додаток за обем и сложеност на работата се состои од:

- Додаток за вршење на сметководствени работи,
- Додаток за ракување со средствата за криптозаштита.

Член 16

(1)Додатокот на плата за обем и сложеност на работата се исплатува на лице упатено на работа во странство, кое покрај редовните активности за кои е упатено, со решение е определено за вршење сметководствени работи и/или е овластено за ракување со средства за криптозаштита.

(2)Додатокот од ставот (1) на овој членизнесува:

-3% од нето плата за вршење сметководствени работи, и

-3% од нето плата за ракување со средства за криптозаштита.

**2.3 Додаток за вршење задачи во отежнати услови за работа**

Член 17

(1)На лице упатено на работа во странство може да му се исплати додаток до 20% од нето платата, за вршење задачи во отежнати услови на работа и тоа: за воена, вонредна и кризна состојба.

(2)Додатокот од ставот 1 на овој член изнесува:

- 20% доколку е прогласена воена состојба,
- 15% доколку е прогласена вонредна ситуација и
- 10% доколку е прогласена кризна состојба..

(3) Додатокот од ставот (1) на овој член, се исплаќа за периодот на траење на отежнатите услови за работа.

3. **Надоместоци на определени трошоци**

Член 18

Лице упатено на работа во странство има право на надоместок на трошоци за:

- изнајмување на стан,
- школување на деца во основно и средно образование,
- превоз до и од работа и
- други надоместоци утврдени со законските прописи на Република Северна Македонија.

**3.1 Надоместок на трошоци за изнајмување стан**

Член 19

(1)Трошоци кои се надоместуваат по основ на изнајмување на стан се:

- трошоци за привремено хотелско или апартманско сместување,
- закупнина на стан/резиденција,
- депозит, и
- агенциска провизија.

**3.1.1 Трошоци за привремено хотелско или апартманско сместување**

Член 20

(1)Надомест на трошоци за привремено хотелско или апартманско сместување, во категорија до три ѕвезди, му се исплатува на лице упатено на работа во странство, за него и за членовите на неговото семејство до изнаоѓање на стан за живеење, но не подолго од 15 (петнаесет) дена од денот на пристигнувањето во државата на приемот, односно само еднаш во времетраење на мандатот.

(2)По исклучок од ставот (1) на овој член, а поради објективни причини кои не зависат од лицето упатено на работа во странство, по барање на лицето упатено на работа во странство, рокот од 15 (петнаесет) дена се зголемува за дополнителни 15 (петнаесет) дена сметајќи од денот на пристигнувањето во државата на прием.

(3)Трошоците направени за сместување над дозволените 30 (триесет) дена паѓаат на товар на лицето упатено на работа во странство.

(4) За надоместокот од став (1) и (2) на овој член, одлучува надлежната организациона единица за меѓународна соработка.

**3.1.2 Закупнина на стан/резиденција**

Член 21

(1)Надоместок на трошоци за изнајмување на стан за лице упатено на работа во странство се исплатува врз основа на решение донесено по записник за најповолна понуда од страна на комисијата за избор на станови и резиденции, формирана од министерот за одбрана или од него овластено лице.

(2)Комисијата од став (1) на овој член е составена од претседател и четири члена.

(3)Административно техничките работи на комисијата од ставот (1) на овој член, ги врши секретар без право на глас.

(4)Комисијата од ставот (1) на овој член по добиени најмалку три писмени понуди доставени од лицето упатено на работа во странство, записнички се изјаснува за најповолната понуда.

(5)Понудите од ставот (4) на овој член содржат: време за изнајмување, одредба за предвремено откажување, локација со точна адреса, квадратура, број на простории и други релевантни податоци кои би придонеле во изборот на најсоодветниот стан.

(6)По записникот за најповолна понуда и донесено решение, лицето упатено на работа во странство доставува копија од договорот за изнајмување на станот/резиденцијата до Министерството, со превод на македонски јазик, најдоцна 10 дена од денот на потпишувањето.

(7)Решението од став (1) на овој член се донесува од страна на министер или од него овластено лице, а се изработува од страна на надлежната организациона единица за меѓународна соработка.

Член 22

(1)Висината на надоместокот на закупнина за лица упатени на работа во странство изнесува до 70% од износот на неговата нето плата.

(2)По исклучот од став (1) на овој член, на лицето упатено на работа во странство може да му се исплати надоместок во износ поголем од 70% од неговата нето плата, кога заради високите цени на становите во градот каде е испратено лицето, не може да се изнајми соодветен стан во висина на надоместокот од став (1) на овој член.

(3)Висината на надоместокот од став (1) и (2) на овој член го вклучува и прилагодувањето на надоместокот за закупнина за изнајмување на стан (индексација).

(4)Трошоците за заедничко тековно одржување на објектот во кој се наоѓа станот на лицето упатено на работа во странство (лифт, електрична енергија, хигиена, греење на заеднички простории, дворно место и сл.) паѓаат на товар на Министерството, додека режиските трошоци за: телефон, електрична енергија, греење, гас, вода, телекомуникациски трошоци и телевизија, паѓаат на терет на лицето упатено на работа во странство.

Член 23

(1)Понудите за изнајмување на стан/резиденции предвидени во член 21 од овој правилник, треба да содржат и податоци за висината на депозитот, агенциската провизија и други релевантни услови за изнајмување на станот/резиденцијата (начин на плаќање на режиските трошоци, време на закуп, предвремено откажување и др.).

(2)Режиските трошоци за стан/резиденција за воени претставници со генералски чин се признаваат во висина од 25% од износот на платените сметки и тоа за: телефон, електрична енергија, греење, гас, вода, телекомуникациски трошоци и телевизија.

(3)Трошоците за заедничко тековно одржување на објектот во кој се наоѓа станот/резиденцијата на воени претставници со генералски чин (лифт, електрична енергија, хигиена, дворно место) паѓаат на товар Министерството.

### 3.1.3 Депозит, и агенциска провизија

Член 24

(1)Трошоците за депозит паѓаат на товар на лицето упатено на работа во странство, корисник на станот.

(2)Министерството за одбрана ќе обезбеди аконтација за депозит во висина од две месечни кирии, на барање на лицето упатено на работа во странство, корисник на станот, додека лицето упатено на работа во странство, корисник на станот, има обврска да го врати износот од аконтацијата за депозит за закупнина на стан, по завршување на должноста во странство.

(3)Трошоците за агенциска провизија се признаваат еднократно во текот на мандатот и паѓаат на товар на Министерството.

(4)По исклучок од ставот (3) на овој член, трошоците за депозит и агенциска провизија за резиденција на воени претставници со генералски чин се признаваат еднократно во текот на мандатот и истите паѓаат на товар на Министерството.

## 3.2 Надомест за школување на деца во основно и средно образование

Член 25

(1)Надоместокот за школување на децата во основно и средно образование на лицето упатено на работа во странство кои престојуваат со него во државата на приемот, изнесува 50% од износот на годишната школарина, но не повеќе од 4000 евра по дете.

(2)Надоместокот утврден во став (1) на овој член, се признава за основно и средно образование, само во случај кога не е можен упис во јавни образовни установи заради непознавање на специфичниот јазик на земјата на приемот, што претставува пречка за запазување на континуитетот во школувањето на детето.

(3)Надоместокот од ставот (1) на овој член се исплаќа и кога е неопходна подготвителна настава, при пропуштени рокови за упис, следење на настава во специјализирани школски установи за деца со посебни потреби и кога школувањето и во јавни училишта не е бесплатно.

(4)Исплата на надоместокот се врши по претходно доставена изјава од лицето упатено на работа во странство/родител во која ќе бидат потврдени околностите од ставовите (2) и (3) на овој член како потврда од училиштето за висина на школарината.

(5)Во надоместокот за школарина не влегуваат трошоците за купување на учебници и друга школска опрема, исхрана, превоз, екскурзии, курсеви за јазик и други активности кои не се во рамки на задолжителното школување.

(6)Во случаите кога е потребна подготвителна настава (курс за јазик и слично) заради запишување на детето во бесплатно основно и средно образование, направените трошоци се исплаќаат во полн износ, но најмногу за период до шест месеци.

(7)Надоместокот од ставот (1) на овој член, се исплаќа само доколку упатувањето е подолго од една година.

Член 26

(1)Надоместокот утврден во член 25 од овој правилник, се исплатува врз основа на поднесено писмено барање од лицето упатено на работа во странство, кон

кое се приложени три понуди за упис, документација на трошоците за годишна школарина, објаснување зошто школувањето не е можно во јавна образовна институција и предлог избор на најоптимална понуда.

(2)Изборот на најоптималната понуда се врши од страна на Комисија составена од претседател и четири члена.

(3)Административно техничките работи на комисијата ги врши секретар без право на глас.

(4)Исплатата на надоместокот од член 25 на овој правилник, се врши врз основ на решение донесено од министерот или од него овластено лице, а се изработува од страна на надлежната организациона единица за управување со човечки ресурси, по доставен записник од комисијата со предлог најоптимална понуда.

### 3.3 Надомест на трошоците за превоз од и до работа

Член 27

(1)Трошоците за превоз до и од работа, му се исплаќаат на лице упатено на работа во странство во висина на месечна карта за превоз со средства за јавен сообраќај, во случај кога неговото место на живеење е оддалечено најмалку 2,5 километри од работното место.

(2)За исплатување на надоместокот на трошоците од ставот (1) на овој член, вработениот поднесува писмена изјава до надлежната организациона единица за меѓународна соработка и валиден документ од кој може да се согледа висината на надоместокот за превоз, по што за исплатата на надоместокот се носи решение.

(3)Надомест на трошоците за превоз до и од работа, не се исплатува во случај на користење на службено моторно возило.

(4)Користење на лично возило за службени цели, се дозволува исклучиво по добиено писмено одобрување од надлежната организациона единица за меѓународна соработка, а врз основа на претходно поднесено барање за користење.

### 3.4 Други надоместоци утврдени со законските прописи на Република Северна Македонија

Член 28

(1)Лице упатено на работа во странство може да користи службен мобилен телефон или комуникациски пакет (фиксен телефон, мобилен телефон, факс, интернет).

(2)Висината на дозволениот месечен износ, со решение го утврдува министерот или од него овластено лице.

(3)Пречекорувањата на месечно утврдените износи паѓаат на товар на корисникот на телефонот, освен во случаите кога пречекорувањето е направено од оправдани причини.

(4)Пречекорувањето над дозволениот износ може да биде признаено доколку се однесува на службени разговори во странство, при што корисникот треба да достави до надлежната организациона единица за меѓународна соработка и Секторот К4 – ИКТ детална сметка со јасно обележани службени разговори и известување за тоа со кои соговорници бил разговорот.

Член 29

(1)Годишниот износ на трошоци што се признаваат по основ на репрезентација за службени потреби и правото на користење на тој износ се

определуваат со решение на министерот или од него овластено лице на почетокот на секоја календарска година.

(2)Износот на трошоци од ставот (1) на овој член зависи од звањето/должноста на упатеното лице.

(3)Годишниот износ за репрезентација на службени потреби го користат:

- Воениот претставник на Постојаната делегација на Република Северна Македонија при НАТО;

-Другите лица од Министерството упатени на должност во Постојаната делегација на Република Северна Македонија при НАТО;

-Воените претставници со генералски чин;

-Одбранбеното и воено аташе;

-Националниот воен претставник при Сојузничката команда за операции, Монс, Белгија и Сојузничката команда за трансформации, Норфолк, САД

-Одбранбен советник при Постојаната мисија на Република Северна Македонија при ОБСЕ, и

-Други лица (цивилни и воени претставници) упатени на работа во команди и меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката.

(4)Лицата на кои со решение на министерот или од него овластено лице им се признаваат трошоци по основ на репрезентација за службени потреби, имаат обврска да доставаат извештај со сметки од направените трошоци, за оправданост на користење на истите.

Член 30

На лица упатени на работа во странство во земји кои се оддалечени повеќе од шест часа непрекинат лет од Република Северна Македонија, по истек на половина од мандатот, еднократно им се исплаќа повратен авионски билет за него/неа и за членовите на неговото/нејзиното потесно семејство поради користење годишен одмор во Република Северна Македонија.

Член 31

(1) Лицата упатени на работа во странство и членовите на нивните семејства во земјите на прием, имаат право на користење на здравствено осигурување за здравствена заштита во обем и на начин утврден согласно позитивните законски прописи.

(2) Здравствената заштита за лицата упатени на работа во странство и за членовите на нивните семејства во земја со која Република Северна Македонија има склучено или преземено билатерален договор за здравствено осигурување, се врши врз основа на тој договор.

(3) Здравствената заштита за лицата упатени на работа во странство и за членовите на нивните семејства во земја со која Република Северна Македонија нема склучено или преземено билатерален договор за здравствено осигурување се врши врз основа на договор за здравствено осигурување, склучен меѓу претставништвото или лицето упатено на работа во странство и Друштво за осигурување кое има решение за дозвола за работа издадена од надлежен орган на странската држава (во натамошниот текст:Осигурителна компанија).

(4) Во случај на здравствено осигурување за здравствена заштита согласно став (3) на овој член, Министерството обезбедува здравствено осигурување кое вклучува здравствени услуги кои произлегуваат од задолжителното осигурување во примарна, специјалистичко - консултативна и болничка заштита.

(5) Надоместокот на трошоци за здравствено осигурување се исплатува врз основа на решение донесено од министерот, по предходно направен избор на најповолна осигурителна компанија од страна на Комисија за утврдување на надомест на трошоци за здравствено осигурување за здравствена заштита на лица упатени на работа во странство и членовите на нивните семејства.

(6) Комисијата од ставот (5) на овој член е составена од претседател и четири члена.

(7)Административно техничките работи на комисијата ги врши секретар без право на глас.

(8)Комисијата од ставот (5) на овој член, при процесот на избор од добиени најмалку три писмени понуди доставени од претставништвото, односно од лицето упатено на работа во странство, се изјаснува за најповолната понуда, изработува записник и донесува предлог - согласност за склучување договор за здравствено осигурување со избраната осигурителна компанија во земјата на прием и при тоа ги користи принципите и критериумите од Законот за јавните набавки (прифатлива понуда и критериум цена), а кој записник со предлог –согласност ги доставува до надлежната организациона единица за управување со човечки ресурси за изработка на решение кое го донесува министерот .

(9)По донесување на Решението, лицето упатено на работа во странство склучува договор за здравствено осигурување со избраната осигурителна компанија и копија од договорот за здравствено осигурување со превод на македонски јазик, доставува до надлежната организациона единица во Министерството,најдоцна 10 дена од денот на потпишувањето.

Член 32

Трошоците поврзани со пренесување на посмртните останки во Република Северна Македонија во случај на смрт на вработен или член на потесно семејство на лице упатено на работа во странство, паѓаат на товар на Министерството.

Член 33

Трошоците за годишната членарина за учество во Асоцијацијата на Одбранбени аташеа во земјите на акредитација, Здружението на Националните воени претставници во рамките на НАТО, Воен претставник при НАТО и други организации каде што се упатени лицата на работа во странство паѓаат на товар на Министерството.

## III. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА НА ЛИЦАТА УПАТЕНИ НА ДОЛЖНОСТ ВО КОМАНДНИТЕ СТРУКТУРИ НА НАТО, КОМАНДИ, ШТАБОВИ И ВОЕНИ ЕДИНИЦИ НА МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКАТА И НА НЕРЕЗИДЕНТНИТЕ ОДБРАНБЕНИ И ВОЕНИ АТАШЕА

Член 34

Вработените во Министерството и Армијата, упатени на должности во командните структури на НАТО, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации на територијата на Републиката, како и нерезидентните одбранбени и воени аташеа, остваруваат право на додаток на плата во износ од 20% од денарската плата и не остваруваат право на други додатоци согласно овој правилник.

# IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 35

За лицата упатени на работа во странство кои до денот на отпочнувањето на примената на овој правилник се упатени на работа во странство и кои користат станови под закуп, одредбите од овој правилник ќе се применуваат по истекот на роковите за закуп предвидени во нивните поединечни договори за закуп.

Член 36

(1)Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, **престанува да важи** Правилникот за утврдување на висина на плата, додатоци на плата и други надоместоци на плата на вработените во Министерството за одбрана и Армијата кои вршат должности во командните структури на НАТО, дипломатско-конзуларните претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката бр. 01-3787/1 од 19.06.2019 година, бр. 01-4920/1 од 22.07.2021 година, бр. 01-1172/1 од 16.02.2022, бр. 01-1172/2 од 21.06.2022 година, бр. 01-578/1 од 03.02.2023 година и бр. 01-3172/2 од 27.09.2023 година.

(2)Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, **делумно се поништува и огласува за ништовен** Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на висина на плата, додатоци на плата и други надоместоци на плата на вработените во Министерството за одбрана и Армијата кои вршат должности во командните структури на НАТО, дипломатско-конзуларните претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката бр. 01-973/1 од 13.02.2024 година, **со исклучок** на член 2 со кој се менува постојниот член 7 и член 6 со кој се менува постојниот член 31, а кои одредби престануваат да важат со влегување во сила на овој правилник.

(3)Усогласувањата на платата која е основ за исплата на придонесите, согласно веќе настанати законски и подзаконски измени, во делот на основната компонента на плата, на лица кои се упатени на работа во странство пред влегување во сила на овој правилник им следува од моментот на влегување во сила на овој правилник.

Член 37

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-230/1
16.__.2026 2026 год
Скопје

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА
Владо Мисајловски